УДК 502.211(497.7)

**Бранислава МИХАЈЛОВА**
НУ Природонаучен музеј на Македонија - Скопје

# СОСТОЈБИТЕ НА ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО ВО Р. МАКЕДОНИЈА И ОПАСНОСТИТЕ ОД НЕГОВА ДЕГРАДАЦИЈА

*Апстракт:* Во трудот авторот ги презентира состојбите со природното наследство во Р. Македонија, со посебен осврт на локалитетите од Скопската котлина, како и мерките кои треба да се превземат за нивна заштита. Авторот се задржува на законската регулатива која иако е регулирана со уставот на државата, во пракса не ги третира овие состојби на едно повисоко ниво. Изработката на Националната стратегија за биодиверзитетот е од посебно значење зошто овозможува изработка на повеќе програми и проекти за заштита на природното наследство не само на национално туку и на локално ниво. Една од позначајните стратегии на локално ниво е и стратегијата изработена од локалната самоуправа на град Скопје за локалитети кои се под негова надлежност (Водно, Гази Баба, Матка).

*Клучни зборови*: Природно наследство, Македонија, биодиверзитет, Водно, Гази Баба, Матка.

Во Р. Македонија се среќаваат природни богатства кои се резултат на присуството на разни геолошки, педолошки и климатски фактори што условуваат тука да се среќаваат значајни реликтни и рецентни екосистеми. Така, досега се утврдени над 18000 видови од флората, фауната и фунгијата, од кои 900 се македонски ендемити. Оттаму е и потребата тие да се заштитат како природни реткости.



Прв закон кој се однесува само на природните реткости е донесен во 1960 година и истиот е дополнет и изменет 1965 година. Потоа следува Законот во 1973 год. како и Законот за животната средина во 2005год. Со тоа заштитата на природното богатство е издвоена како природно наследство кое се регулира со Уставот на РМ како и со други законски и подзаконски прописи. Од друга страна, глобалните закони за биолошката разновидност како и последиците што произлегуваат од нив за екосистемите, неминовно укажуваат на потребата од преземање итна акција за нивна заштита. Впрочем тоа е и обврска на Р.Македонија што произлегува од се поизразената желба за Европска интеграција, што од своја страна подразбира усогласување на законската регулатива.

Согласно меѓународната конвенција за биолошката разновидност која е ратификувана од страна на РМ во 1997 год., изработена е Националната страгетија за биодиверзитет што ги содржи информациите за сегашната состојба, како и можните закани по флората и фауната. Во Државата, природното наследство јасно е дефинирано како добро од општ интерес со посебна заштита согласно Уставот на РМ. Но, и покрај тоа биодиверзитетот сè уште не се смета за важно прашање надвор од секторите на локално и национално ниво. За секторските политики оваа проблематика е секундарна и често има формална основа. Затоа подигањето на јавната свест за животната средина е една од основните стратегии како на национално, така и на локално ниво.

Денес на просторот на РМ мрежата на заштитени подрачја опфаќа 86 подрачја кои зафаќаат површина од 9% од територијата на Македонија и кои се поделени во категории според светските критериуми. Тоа се:

- Строг природен резерват (2 подрачја);
- Национален парк (3 подрачја);
- Споменик на природата (67);
- Парк на природата (12);

- Заштитен предел (1);
- Повеќенаменско подрачје (1).

Секое од овие подрачја имаат посебен режим на заштита регулиран со соодветна законска регулатива. Во рамките на Националната стратегија постојат програми и проекти и на локално ниво чија основна задача е заштита на природното наследство. Така, во рамките на оваа определба и град Скопје има изработено своја стратегија за заштита на природното наследство под наслов: *Утврдување на природните вредности и просторната идентификација на границите на парк- шума Водно и карактеристичниот пејзаж Гази Баба*. Таа ги опфаќа локалитетите што се под негова надлежност, а тоа се следните: парк-шума Водно, Гази Баба и Матка. Ако ја анализираме студијата ќе констатираме дека истата има посебно значење за градот Скопје, зошто јасно го отсликува богатството на биодиверзитетот и мерките кои се потребни за неговата заштита.

**Состојба на локалитетите**

**Парк шумата Водно** е еден од најпосетените рекреативни центри во околината на Скопје. Прогласен е за предел со посебни природни карактеристики. Во него биодиверзитетот е релативно скромен. Од флората констатирани се околу 900 видови што преставува 1/3 од вкупната флора на Македонија, додека фауната е застапена со 233 видови кои припаѓаат на без’рбетната фауна и 180 видови преставници од ’рбетниците.





Костенови шуми на Водно



*Epipactis atrorubens* од Водно

Посебно значајни во парк - шумата се шумските екосистеми чии функции се повеќебројни и имаат одредено економско значење. Но, покрај

природните шумски екосистеми тука се среќаваат и антропогени шуми кои се вештачки подигнати заради спречување на ерозивните процеси кои го загрозувале градот. Поради високиот степен на деградираност природните шумски екосистеми на Водно не се со висок квалитет од аспект на шумарството. Тие се вбројуваат во најзагрозени подрачја кои се изложени најчесто на пожари, сушења предизвикани од различни паразити на дрвенестите видови,од градежни активности врзани за изградба на разни туристички и угостителски објекти, од шумска сеча, од ерозивни процеси и др.



Земајќи ги во предвид сите овие појави можеме да заклучиме дека најадекватна заштита врз биолошката разновидност на Водно би се постигнала со заштитување на живеалиштата на значајните видови од автохтоната флора и фауна, како и со преземање на одредени мерки за спречување на понатамошните деградациони
процеси.

**Локалитетот Гази Баба** спаѓа во категоријата на карактеристичен пејзаж и е вториот локалитет во рамките на заштитата на природното наследство на локално ниво.



Опфаќа поголема површина обрасната со шумска растителност во која се среќаваат непроменети природни екосистеми управувани со цел да се постигне долготрајна заштита на биолошкиот диверзитет. Овој локалитет претставува рекреативно - парковска зона во која шумската заедница опфаќа најголема површина, покрај присутните 109 растителни видови, 136 видови на габи и 165 видови од разни групи на фауната. На локалитетот Гази Баба како карактеристичен пејзаж на град Скопје егзистирала дабово - габеровата шума која денес е целосно уништена. На нејзино место се подигнати антропогени насади од некои дрвенести растенија.



***Erysiphe alphitoides*- пепелница на млади листови од даб**

За оваа вештачки подигната шума карактеристично е што во последниве години се забележува масовно сушење на голем број дрва. Тоа е резултат на лошиот воздушно - водениот режим на почвениот профил и променетите климатски услови.



Оттука произлегува заклучокот дека карактеристичниот пејзаж Гази Баба како место за спорт и рекреација може негативно да се одрази врз неговиот биодиверзитет што од друга страна го потврдува фактот дека најголеми закани за неговиот опстанок сепак се од антропогениот карактер.

**Кањонот Матка,** иако не е опфатен во студијата, треба да се спомене како локалитет што е под заштита на град Скопје. Тој спаѓа во категоријата споменик на природата . Изобилува со хетероген биодиверзитет во кој доминираат 17 растителни заедници со над 700 таксони од виши растенија и голем број на ендемични и реликтни фаунистички видови.



Врз база на досегашните истражувања можеме да заклучиме дека во Кањонот Матка регистрирани се 1282 вида на без'рбетници од кои 13 се балкански, 26 национални и 19 локални, додека фауната е застапена со 192 вида од разни групи на 'рбетници.



**Рамонда (*Ramonda nathaliae*) од варовничките клифови на Матка**

Токму заради ова големо разнобразие на живиот свет, Матка е промовирана како значаен објект на природата, односно како споменик на природата, што има научно, духовно, воспитно-образовно и туристичко-рекреативно значење за Р. Македонија.

Но, природното наследство покрај тоа што го среќаваме во природата
го имаме и во депоата на природонаучните музеи кои се задолжени за нивно чување и заштита.




НУ Природонаучен музеј на Македонија располага со три депои наменски проектирани за чување на природњачкиот материјал. Во нив се наоѓаат над 270 000 примероци од флората, фауната и геата на Македонија.



Но, без обзир каде се наоѓа ова природно наследство тоа е изложено секојдневно на најразлични опасности, било тоа да се опасности предизвикани од природни катастрофи (земјотреси, поплави, пожари ) или под дејството на антропогениот фактор (кражби, вандализам, прекумерно искористување на биолошките ресурси, преобразба на природните станишта, загадување на водите и почвата или пак несоодветни услови за чување во музеите – влага, топлина, светло, присуство на штетници) и др. Поради тоа неопходно е постојано будно следење на состојбите и превземање на одредени активности за нивно навремено спречување. Ако ги анализираме факторите на ризик што можат да се појават врз природното наследство, ќе констатираме дека тие се различни и истите можат да се спречат само со навремено дејствување на полето на нивната заштита како и со ширењето на јавната свест за нивниот опстанок што е посебно значајно за идните генерации.

**Литература:**


1. Група на автори (2009): *Студија за утврдување на природните вредности и просторна идентификација на границите на парк-шума Водно*; изд. Град Скопје, Скопје.
2. Група на автори (2010): *Анализа и валоризација на биодиверзитетот на национално ниво, извештај со национален каталог на видови*; Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје.
3. Група на автори (2010): *Заштитени подрачја*; Министерство за животна средина и просторно планирање; УНДП/ ГЕФ, Скопје.